Уп. бр. 08-39

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото Арицома Груп а.с. со регистрирано седиште на Винохрадска 1511/230, Страшнице, 100 00 Прага 10 Република Чешка, доставено преку адвокат Татјана Поповски Булоски од Скопје, на седницата одржана на ден 24.03.2023 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Арицома Груп а.с. со регистрирано седиште на Винохрадска 1511/230, Страшнице, 100 00 Прага 10 Република Чешка ќе стекне целосна контрола над Цонсултинг 4У с.р.о. со регистрирано седиште на Велленерова 134/7, Нова Улице, 779 00 Оломоуц, преку купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 17.02.2023 одина до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Арицома Груп а.с. со регистрирано седиште на Винохрадска 1511/230, Страшнице, 100 00 Прага 10 Република Чешка, со која Арицома Груп а.с. ќе стекне целосна контрола над Цонсултинг 4У с.р.о. со регистрирано седиште на Велленерова 134/7, Нова Улице, 779 00 Оломоуц, преку купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

- **Арицома Груп а.с.** е холдинг компанија која управува со удели во своите ќерки компании и се фокусира на имплементација и поддршка на деловните информациски апликации, поддршка за деловни процеси, грижа за корисници и ИТ безбедност. Арицома Груп а.с. обезбедува безбедносни технологии, безбедносна проценка, услуги за сајбер одбрана и советодавни услуги за ГДПР/усогласеност. Арицома Груп а.с.припаѓа на ККЦГ Крупацијата.

ККЦГ Групацијата инвестира во различни деловни области, вклучувајќи лотарии и игри на среќа, енергетика, недвижности и информатички технологии и е активна во 33 држави во светот.

Во Република Северна Македонија ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот за работење со терминали за видео лотарија и информатички технологии преку следните друштва:

-**Друштво за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје**, со регистрирано седиште на бул. Киро Глигоров бр.2 Скопје-Гази Баба и со приоритетна дејност-дејности на коцкање и обложување;

-**Друштво за приредување на игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија-КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје**, со регистрирано седиште на бул. Киро Глигоров бр.2 Скопје-Гази Баба со приоритетна дејност- дејности на коцкање и обложување;

-**Друштво за информатичка технологија СЕАВУС ДООЕЛ Скопје**, со регистрирано седиште на ул.1-ти Октомври бр.33А/Центар 1 Скопје и со приоритетна дејност-компјутерско програмирање;

-**Друштво за едукација СЕАВУС ЕДУКАТИВН И РАЗВОЕН ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје**, со регистрирано седиште на ул.1-ти Октомври бр.33А/Центар 1 Скопје и со приоритетна дејност-друго образование неспомнато на друго место и

-**Друштво за производство, трговија и услуги МУСАЛА СОФТ ДОЕЕЛ Скопје**, со регистрирано седиште на ул. Филип Втори Македонски бр. 3 кат 4/канц.4003 Скопје и со приоритетна дејност-компјутерско програмирање.

-**Цонсултинг 4У с.р.о.** е во сопственост на 5 физички лица, чешки државјани и нема никакви подружници. Се фокусира првенствено на обезбедување услуги во областа на анализа, имплементација и поддршка на информациски системи за планирање и управување со деловни ресурси. Јадрото за имплементација на Цонсултинг 4У с.р.о. се состои од тимови на консултанти кои имаат широко познавање на САП системите и производите и деловните процеси на компаниите во различни индустрии. Процедурите и активностите за имплментација се засноваат на методологиите на САП кои овозможуваат ефикасно да се води проектот во воспоставената средина на големи компании и во сегментот на мали клиенти.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност*

*со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**